ДЕН БИН

# ОСНОВИ НА ИСЦЕЛЕНИЕТО

**Наслов на оригиналот**: Healing Basics

**Автор**: Dan Bean

**Издава:** ХЦ Оаза во РМ

**Превод од англиски:** Ана Марија Павлова

**Лектура:** Виолета Карагунова

**Тех. подготовка:** Печатница „2-ри Август“ Штип

**Печати:** Печатница „2-ри Август“ Штип

Daniel C. Bean, Jr. 2004
Revised 2010
Please copy and distribute freely.
Print copy available.

Contact:
Beloved@BelovedInternational.US
Address: 3936 Fox Ridge Blvd. Wesley Chapel, FL 33543 (813) 779-8777
www.BelovedInternational.US

**ОСНОВИ НА ИСЦЕЛЕНИЕТО**

Предговор

Оваа книга е напишана за да ти помогне да сфатиш дека Божјата волја е да имаш здравје и исцеление. Употреби ја оваа книга за да ги охрабриш здравите и да им проповедаш вера на болните!

Има два клуча во проповедањето на болните. Прво, мораш да произведеш вера. Потоа, мораш да им помогнеш да ја ослободат таа вера .

Верата доаѓа од слушањето на Словото Божјо сѐ додека не го добиеш откровението на светлината (Римјани 10:17, Псалм 119:130). Кога ти веруваш дека  Божја волја е да бидеш исцелен, мораш да работиш според она во кое ти веруваш.

Употреби 31 Причина за да произведеш верба. Оддели време да го најдеш секој стих. Кога им проповедаш на болните, дозволи им да го прочитаат на глас секој стих. Не се обидувај да се молиш набрзина. Спомни колку што можеш повеќе од 31 причина. Нека вербата зајакне во нивните срца. Јас би ти препорачал да поминеш барем 75% од своето време произведувајќи верба и потоа помагајќи им на болните да ја ослободат својата верба.

Откако вербата ќе биде зајакната во нивните срца, тие ќе бидат подготвени да ја ослободат и да примаат исцеление. Утврди ги причините зошто кај некои не успеваат методите за добивање исцелување без да добијат каков било знак на исцеление (Марко11:23-24).

Исус ја плати цената за ние да бидеме исцелени. Тоа е завршена работа. Тој не купи „осигурителна полиса за болест.” Иако ние можеме да дојдеме кај Него кога сме болни и да примиме исцеление, Негова волја е ние да чекориме во Божествено здравје. Ние мораме да работиме според Божјиот збор со целосна верба дека е Негова волја ние да бидеме исцелени и денес да имаме здравје.

# ОСНОВИ НА ИСЦЕЛЕНИЕТО

## Дел 1 – Создавање вера


1. Човекот беше создаден здрав .................................. 7
2. Болеста започна со гревот ........................................ 8
3. Сатаната ја предизвикува болеста ............................ 9
4. Божјата волја на небесата и на земјата е здравјето... 10
5. Божјиот збор има исцелителна моќ ......................... 11
6. Божјиот завет за исцеление ..................................... 13
7. Откупителниот план вклучува исцеление ............... 14
8. Ние сме откупени од клетвата на законот .............. 15
9. Божјото име е Исцелител ......................................... 18
10. Пасхата и Причеста ............................................... 19
11. Змијата на столбот и на крстот .............................. 21
12. Божјата љубов и сочувство .................................... 23
13. Бог е добриот Пастир ............................................ 24
14. Службата на Исус .................................................. 26
15. Исцелувањата во Дела Апостолски ......................... 27
16. Исус ни даде авторитет над болеста ....................... 28
17. Бог е наш Татко .................................................... 30
18. Исцелението им припаѓа на Божјите деца .............. 31
19. Ние сме Исусовата невеста ..................................... 33
20. Ние сме прачките на лозата .................................... 34

21. Ние сме Божји свештеници .................................. 35
22. Твоето тело е жива жртва .................................... 36
23. Твоето тело е храм на Светиот Дух...................... 38
24. Ние сме Тело Христово ........................................ 40
25. Даровите на исцелението..................................... 41
26. Полагање на рацете.............................................. 43
27. Помазување со масло........................................... 45
28. Божјата сила ......................................................... 46
29. Божјото ветување на долговечност ...................... 48
30. Целосните ветувања на Бог .................................. 50
31. Првите плодови на нашето наследство .............. 52

## 1. Човекот беше создаден здрав

На кој ден Бог ги создаде болеста и заразите? Тој не го направи тоа. Бог е извротот на живот, а не на смртта. Бог е совршен и сè што Тој создаде беше совршено. Тој не создаде ништо поврзано со смртта.

Во Битие 1, Бог го создаде човекот. Стиховите 26 и 27 велат дека Тој го создаде човекот по Својот лик. Каков е Бог? Тој е совршен (нема деформитети, слабости или болести). Човекот беше создаден да биде ист како Бог, без деформитети или заболувања. Болеста не беше вградена во човекот, а здравјето и исцелението беа.

Дали нешто од тоа што го создаде Бог беше лошо? Не, сè што Бог создаде беше многу добро (Битие 1:31). Не само добро, туку многу добро. Дали можеш да ги наречеш ракот, туморот или дијабетесот добри? Не, болеста не е добра.

Бог го создаде телото за да се знае дека болеста не е добра. Тоа беше создадено со способноста да се избори со нештата кои не се „добри.” Сè уште е Негова волја човекот да биде онаков каков што Тој го создаде на почетокот, со совршено здравје, без болести или зарази.

*Кога човекот беше создаден, здравјето беше Божјиот план. Тоа сè уште е Неговиот план за човештвото.*

## 2. Болеста започна со гревот

Ако Бог не ја создаде болеста, тогаш од каде започна таа? Болеста е претходник на смртта (првите фази на смрт). Смртта навлезе во светот кога Адам и Ева направија грев (Римјани 6:23; Римјани 5:12; Битие 2:17). Како резултат на нивниот грев, човештвото беше изложено да биде нападнато од болести и зарази.

Џон А. Доуи вели: „Болеста е гнасниот потомок на својот татко сатаната и мајка си грев.“ Кога тие згрешија, Адам и Ева не умреа физички уште многу години. Но, како резултат на нивниот грев, болеста влезе во светот и оттогаш човештвото започна да умира физички.

Дали Божја волја беше човекот да греши? Не, но има казна за грев, смрт (Римјани 6:23). Болеста е возилото кое те носи до смртта. Дали Божја волја е човекот да биде болен? Не, болеста е резултат на гревот. Да кажеш дека Божја волја е некој да биде болен, значи да се согласиш дека Божја волја била тие да извршат грев за да се разболат.

Бог не ги одобрува ниту гревот ниту болеста. Псалм 107:17-20 вели дека Бог те има исцелено од твоите маки и те ослободил од твоето уништување кое се појави заради твојот грев. Тој не сака ти да ја платиш казната за гревот. Неговата волја е ти да имаш квалитетен живот како Неговиот (Римјани 6:23).

*Болеста започна со гревот. Гревот не беше Божја волја, а ниту болеста беше.*

## 3. Сатаната ја предизвикува болеста

Зборовите „злобна болест “ се употребени во Псалм 41:8. Тие се дефинирани како „нешта на Велијал, нешто кое било препознаено како злобно.“ Болеста и заразите се злобни. Тие не се предизвикани од Бог, туку од сатаната (Јов 2:7; Лука 13:16; Дела 10:38).

Бог не ги прави луѓето болни, туку ѓаволот. Исус праша: „Дали оваа жена, Авраамова ќерка, која сатаната ја врзал, замисли, осумнаесет години, не требаше ли да биде одврзана во саботен ден?“ Сатаната бил тој кој ја држал врзана во болеста. Исус сакал да ја ослободи (Лука 13:16). Сатаната е уништувачот. Исус е дарителот на живот (Јован 10:10; Лука 9:56; 1 Јован 3:8; Излез 12:23).

Бог и ѓаволот не работат заедно за да го развијат твојот карактер (Матеј 12:24-30; Исаија 5:20). Ниту Бог  ја употребува болеста, ѓаволското дело, за да ги поучи Своите деца. Галатјаните 2:18 вели дека Бог би бил престапник ако те направи болен, само за да те исцели или да те изгради за да те направи болен. Сатаната е оној кој ги прави луѓето болни. Бог им дава живот и здравје на луѓето.

*Ние знаеме дека Божјата волја е здравје затоа што тој не предизвикува болест.*

## 4. Божјата волја на небесата и на земјата е здравјето

Во молитвата „Оче Наш“ (Матеј 6:10), Исус рече да се молиме да се исполни Божјата волја на земјата исто како што е на небесата. Дали Божја волја е ти да бидеш болен на небесата? Не. Дали Божјата волја е различна на земјата? Не. Бог нема две волји, една за земјата една за небесата.

Второзаконие 11:21 вели дека можеме да ја имаме небесата овде на земјата. Но, Божјата волја не е автоматски исполнета на земјата, инаку зошто би требало да се молиме?

Божјата волја никогаш не се менува (Малахија 3:6; Евреите 13:8; Јаков 1:17). Ако Неговата волја за нас е да бидеме здрави на небесата, тогаш Негова волја за нас е да бидеме здрави и на земјата.

Тогаш зошто се разболуваат луѓето? Сатаната е богот на оваа земја (2 Коринтијани 4:4). Тој се обидува да ја воспостави својата волја. Исус ни даде авторитет над сатаната (Лука 10:19). Со тоа што го употребуваме нашиот авторитет, ние овозможуваме Божјата волја да настапи на земјата, наместо онаа на сатаната.

*Лесно е да видиме дека Божјата волја е здравјето; погледнете ја небесата.*

## 5. Божјиот збор има исцелителна моќ

Дали некогаш си зел антибиотик? Најчесто докторот ќе ти каже да земеш цело шишенце со апчиња од препишаната доза. Не престануваш после две или откако ќе исчезнат симптомите. Продолжуваш сè додека ти е препишано. Бог ни дал упатство, Неговиот збор.

Изреки 4:20-22 вели дека Божјиот збор ќе донесе здравје на нашето тело. На Еврејски/Во Еврите вели дека тој ќе биде лек за целото твое тело. Во Псалм 107:20 Божјиот збор ги исцелил, тој бил лекот.

Ако си болен, помини време во Зборот. Земај го во дози, како што би направил со лек. Колку посилен стануваш, толку поголема доза можеш да примаш. Не запирај по едно читање. Помини време медитирајќи сè додека не навлезе длабоко во тебе. Како повеќето лекови, веројатно, нема да видиш инстантни резултати. Продолжи во Словото сè додека не почувствуваш целосно исцеление.

Стотникот знаеше дека има исцелителна моќ во Исусовите зборови. Тој рече: „Кажи само збор и мојот слуга ќе биде исцелен“ (Матеј 8:8). Евреите 4:12, Јован 6:63 и Јован 1:1-4 сите велат дека во Божјиот збор има живот. Тој може да го поттикне исцелението во твоето тело.

Божјиот збор е вистина. Јован 8:31-32 и Јаков 1:25 покажуваат дека вистината ќе те ослободи. Луѓето од времето на Исус го познале ова. Лука 5:15 и 6:17 велат дека тие дошле за да „чујат и да бидат исцелени.“ Тие

знаеле дека слушањето на Божјиот збор ќе произведе верба за да се прими исцелението.

*Божјиот збор е Неговата волја. Ако Неговиот збор исцелува, тогаш здравјето е Неговата волја.*

## 6. Божјиот завет за исцеление

Бог направил завет на исцеление со Израелците (Излез 15:26; 23:25-26). Заветите се условни. Тој им кажал да ги почитуваат Неговите заповеди и Тој не би дозволил болестите да дојдат до нив (Второзаконие 7:12-15). Иако исцелението било дел од заветот, тие, сепак, требало да го имаат за себе. Лука 4:27 вели дека Сириецот Нааман, примил исцеление и покрај тоа што болните од лепра ви Израел не го добиле истото. Тој бил единствениот кој го зел ветувањето.

Христос ни дал Нов Завет, основан на подобри ветувања (Евреите 8:6). Тој ги исполнил сите услови и сите „ако..“ за нас, но исто така, и ние мораме да ги потврдиме како наши.

Ако Израел имал исцеление во Стариот Завет, а ние немаме исцеление во Новиот, тогаш нашиот Завет е многу полош. Но, ние имаме подобар Завет.

Некои веруваат дека благословите опишани во Божјиот Завет се „само за Евреите.“ Кои се Евреите? Евреите и Израелците се деца на Авраам. Христијаните, исто така, се семето на Авраам (Римјаните 2:28-29; 4:16; 9:6; Галатјаните 3:7, 9, 29, 4:7; 6:16). Христијаните ги уживаат истите привилегии кои Бог им ги дал на Израелците во нивниот Завет и многу повеќе. Запомни, ние имаме подобар Завет преку Христос.

*Ако здравјето беше Божјата волја во заветот кој Тој го склучи со Израел, тогаш здравјето е сè уште Негова волја во Новиот Завет кој го уживаме.*

## 7. Откупителниот план вклучува исцеление

Во Стариот Завет казната за гревот била префрлена на животинска жртва (Левит 1:4; 3:2; 4:15; 16:21-22). Во Новиот Завет казната за нашиот грев беше префрлена на Исус (Римјаните 5:8-11). Исаија 53 го опишува Откупителниот план.

Исус ја зеде казната која ние ја заслужувавме. Еврејските зборови за „неволји“ во третиот и четвртиот стих, требало да бидат преведени како „болка“ и „болест.“ Исус ја зеде болката и болеста наместо нас.

Јован 12:37-38 и Дела 8:30-35 докажуваат дека Исаија пророкувал за Исус. Матеј 8:17 (1-17) покажува дека Исаија зборувал за физичко исцеление. И 1 Петрово 2:24, кое, исто така, зборува за Исаија 53, вели: „Преку неговите рани се исцеливте.“

Раните и ударите ја претставуваат казната за гревот (2 Самоилова 7:14; Псалм 89:32; Изреки 17:10; 19:29; 20:30, 22:15). Болеста е казна за гревот. Исус ја плати казната (болеста) која ние ја залужувавме за нашиот грев.

*Исус ја плати казната за гревот. Ние не мораме. Исус ни дава здравје наместо болест.*

## 8. Ние сме откупени од клетвата на законот

Во Левит 26 и Второзаконие има благослов за покорност на Божјиот закон и казна за непокорност кон Божјиот закон. Во Галатјаните 3:13 откриваме дека Христос нè откупил од казната на непокорноста (1 Петрово 1:18-19; Псалм 49:8). Тој ја плати цената која ние ја должевме за нашиот грев.

Подолу се наведени стихови од Второзаконие 28. Под секој стих се зборови и дефиниции од други преводи, коментари и речници кои го објаснуваат секој збор.

Второзаконие 28:21

**Помор**-болест по болест, заразна болест.

Второзаконие 28:22

**Истоштеност**-туберкулоза, заразна болест, ослабувачка болест, обземачка болест (СИДА).

**Треска**- сите трески, маларија, пневмонија, шарлах, тропски трески. Воспаление -- на ткиво, нерви, органи итн.; обична настинка, инфекции, брзо напредувачки рак.

**Екстремно горење** -- грип, сончев удар.

**Меч** -- смрт од војна.

**Експлозија** - лошо влијание, излив на кожата, задушување.

**Мувла** -- жолтица, бледило.

Второзаконие 28:27

**Египетски приштови**-чиреви, красти, лимфна филаријаза.

**Чир** - хемороиди, отоци во препоните, купишта, рани, чиреви, тумори. Краста -- егзема (ерупции на кожата, воспаленија, црвенило, чешање, исцедок, кора, алергиски реакции), малигна краста (рак на кожата), уртикарија, осип, скорбут (недостаток на витамин Ц што предизвикува: сунѓерести непца, слабост, анемија, крварење од мукозните мембрани), крварење од носот, крварење од ректумот.

**Чешање** -- сите други кожни болести и кожни ерупции (ова ги вклучува сите алергиски реакции).

Второзаконие 28:28

**Лудило**-губење на умот, болест на умот.

**Слепост**-физичка и ментална.

**Залутано срце**-расеан ум, збунетост на умот, страв, паника, безобразно однесување, лудост (не при себе).

Второзаконие 28:35

**Колена и нозе**-секакви проблеми.

**Болки** - чиреви, рани, кожни болести.

Второзаконие 28:59-60

**Помори на твоето семе** - наследни проблеми.

**Долго продолжување** -- долготрајни проблеми.

**Болести на воспаление** - хронични проблеми, повторливи проблеми, мозочни удари. **Болести на Египет.**

Второзаконие. 28:61

**Секоја болест и секоја чума.**

**Второзаконие 28:65**

**Треперење на срцето** -- треперење и неправилно чукање на срцето.

**Недостаток на очите** -- опаѓање на очите, каква било болест на очите, глауком, слепило, мрзеливо око, розево око, астигматизам, кратковидост, далекувидост.

**Тага на умот.**

Галатјаните 3:13 изјавува дека Исус нѐ откупил од проклетството на законот. Ова е добра вест. Ако ја пронајдете својата болест во горенаведените стихови (забележете стих 61) не мора да ја имаш. Ти си ослободен од болест.

*Според Второзаконие 28, болеста е проклетство на Законот. Галатјаните 3:13 вели дека си ослободен од болести.*

## 9. Божјото име е Исцелител

Јахве значи „сампосотоечки Бог кој се откри себеси.“ Божјите имиња го откриваат Неговиот карактер. Овие имиња ни покажуваат каков е Бог:

1 Јахве Шама - Господ е таму (присутен). Езекиел 48:35; Евреите 13:5.

2 Јахве Шалом-Господ наш мир. Судии 6:24; Јован 14:27.

3 Јахве Раах-Господ наш пастир. Псалм 23:1-6; Јован 10:1-14.

4 Јахве Ире-Господ наш снабдител. Битие 22:14; Филипјани 4:19.

5 Јахве Ниси-Господ наше знаме (на победа) Излез 17:15; 1 Коринтијани 15:57, 2:14.

6 Јахве Цидкену-Бог наша праведност. Еремија 33:16; 2 Коринтијани 5:21.

7 Јахве Рафа-Бог наш исцелител (наш доктор) Излез 15:26.

Теолозите се согласуваат на првите шест имиња, но велат дека седмото, Јахве Рафа, изумрело. Тоа би било променливо! Ако Бог претходно бил Јахве Рафа, тогаш Тој сè уште е, инаку како би знаеле дека Тој сè уште е Јахве Цидкену (Псалм 103:3)?

*Божјиот карактер никогаш не се менува. Ако Тој е Бог, наша праведност, тогаш Тој е и Господ наш исцелител.*

## 10. Пасхата и Причеста

Стариот Завет ни дава примери за тоа како треба да живееме во Новиот Завет (1 Коринтијани 10:11). Евреите 10:1 вели: „Законот е само сенка на идните добра.“ Излез 12:1-14 е добар пример за тоа како треба да имаме добро здравје.

Пасхата е пример за она кое ќе се случи кога ќе ги добиеме Светите тајни. На Израелците им беше кажано да направат две нешта пред Пасхата. Прво, попрскајте со крвта на јагнето и второ, изедете го телото на јагнето! Ова е пример на Причест (1 Коринтијани 11).

Изгледа логично да се претпостави дека имало болест во поробената нација на Израел, но немало ниту една болна личност кога тие си заминале од Египет (Псалм 105:37). Во Излез 12:11 им било кажано да го јадат јагнето „со појас околу половината, сандали на нозете и стап во раката.“ Дури и болните се облекувале вака. Тие го јаделе оброкот за Пасхата со верба, очекувајќи да добијат исцеление и да зачекорат надвор од Египет. Подоцна во историјата на Израел, тие кои ја повторувале Пасхата, биле исцелени (2 Хроника 30:5, 20).

Некои не го разбираат потполно значењето на тајните зад Причеста. Исус е нашето Пасхално јагне (1 Коринтијаните 5:7). Неговото тело беше скршено за нашето да може да е целосно. Многумина учествуваат во Причеста и не успеваат да препознаат дека тие можат да примаат исцеление. Павле рекол: „Заради оваа причина, без да знаат многумина се болни, а други имаат починато.

Физичкото исцеление е достапно преку Причеста ако ние го знаеме и дејствуваме на тоа (1 Коринтијани 11:29-30).

*Ако има исцеление во примерот на Пасхата, тогаш мора да има исцеление во Причеста.*

## 11. Змијата на столбот и на крстот

Исто како и на Пасхата, змијата на столбот во Броеви 21:4-9 е пример како ние имаме исцеление преку Исус.

Бог поставил заштитна ограда околу Израелците. Нивниот грев (стих 5) ја урнал таа ограда (види и Јов 1:10). Господ му кажал на Мојсеј: „Направи огнена змија и постави ја на столб. Змијата на столбот е слична на Исус на крстот“.

Зошто направил змија? Змиите и скорпиите се „тип“ на демонска сила (Лука 10:19). Исус беше на крстот за да стане наш грев (2 Коринтијани 5:21). Тој ја носеше казната за нашиот грев вклучувајќи ја болеста (види точка #7, „Планот за откуп вклучува исцеление“). Исус е твоето исцеление. Започни да ја гледаш својата болест врз Него, додека Тој беше на крстот (Јован 3:14-15).

Стих 8 продолжува вака: „Секој кој ќе биде каснат, ќе остане жив ако ја погледне.“ Проширениот превод го дефинира зборот „поглед“ како: „внимателно, очекувано, со стабилен и впивачки поглед.“ Гледај кон Исус очекувајќи го своето исцеление! Не го вперувај погледот кон исцелението! Прицврсти го погледот кон Исус!

Пред Броеви 21 не беше спомнато за змии да ги касаат Израелците во пустината. Одеднаш имаше стотици во кампот. Можеш ли да го замислиш хаосот? Што ако неколку змии беа пуштени во собата каде што си сега?

Сред хаосот на болеста (симптомите, докторските изештаи, болката итн.), ти мораш да се фокусираш без поделено внимание на Исус. Тој е твојот извор на исцеление. На истиот начин на кој Израелците мораа да

се фокусираат на столбот со змијата, така и ти ќе примиш исцеление ако внимателно се фокусираш на Исус.

*Кога луѓето ќе погледнеа кон змијата на столбот, ним им беше простено, беа исцелени и ослободени. Кога луѓето гледаат кон Исус, тие го добиваат истото.*

## 12. Божјата љубов и сочувство

Исусовата мотивација за исцелување на болните било сочувството (Матеј 14:14, 20:34; Марко 1:41). Исцелувањето е манифестација на Божјата љубов и сочувството (Марко 5:19; Филипјани 2:27).

Сочувството и милоста најчесто се присутни наизменично и во Стариот и во Новиот Завет (Излез 33:19; Римјаните 9:15; 2 Царства 13:23; Јуда 22-23). Правдата е наградата за некоја акција (добра или лоша), но милоста е добивање на она кое не го заслужуваш. Според Божјата милост ние имаме здравје наместо болест. Ако ти ја искусуваш клетвата на болеста (Второзакоение 28), тебе ти е потребна милост.

Бог покажа милост со тоа што ги исцелуваше болните (Матеј 9:27-30; Марко 10:46-52). Во Лука 17:12-19 десетте лепрозни извикуваа кон Исус. Што сакаа тие?

Исцелување. Што побараа тие? Милост. Што примија тие? Исцелување. Милоста е достапна на секој кој му се обраќа на Господ (Псалм 86:5; 145:8-9; Плач 3:22-23; Исаија 43:24-25, Евреите 8:12).

Исаија 49:15 вели: „Може ли жена да го заборави своето доенче, да не му се смилува на чедото на својата утроба?“ На најтивкиот звук од своето дете мајката, која дои, ќе почне да излачува млеко. Ако не му даде млеко на својот син, таа ќе го лиши од животодавната состојка која му е потребна. Стихот продолжува: „Па и кога некои би заборавиле, Јас нема да те заборавам тебе.“ Со најтивкиот плач ти можеш да ја примиш Божјата милост. Тој сочувствува со тебе и сака да те исцели.

*Божјата милост е за сите, затоа и исцелувањето е за сите.*

## 13. Бог е добриот Пастир

Пастирот е оној кој оди напред, води и дава насоки. Езекиел 34:1-5, 11-16 бара пастирот да се грижи за овците, особено ако тие се повредени или болни. Ако пасторот (овчарот) не се грижи за болните, тогаш не Му угодува на Бог. Господ би бил лицемер ако Тој ги осудеше пастирите под Него, а Тој Самиот не се погрижеше за Своето стадо,односно ние. Ако Тој е добар пастир, ти ќе бидеш здрава овца.

Кит Мор ни ја раскажува оваа приказна: „Да претпоставиме дека живееш во овчарска земја. Цел живот си слушал за некој познат пастир. Еден ден слушаш дека тој добар пастир доаѓа. Истрчуваш на улицата за да гледаш. Тогаш го гледаш како доаѓа и тој изгледа величествено. Ти си мислиш: ‘Се што слушнав за него е вистина’. Но кога гледаш кон неговото стадо, кое го следи, тие изгледаат тажно. Крзното им е извалкано и на некои места нецелосно. Имаат отворени рани и скршени нозе. Тие се крастави, им тече крв и одат на сите страни. Ти си мислиш: ‘Не ми е гајле што луѓето велат за него, јас можам да забележам дека тој не е добар пастир само преку тоа што го гледам неговото стадо‘.“

Состојбата на стадото е директен одраз на пастирската грижа. Псалм 23:1-4 и Евреите 13:20-21 велат дека Господ е наш Пастир. Нема да биде доследно да речеме дека Тој е Одличен Пастир и да речеме: „Тој нема да ме исцели.“ (Јован 10:1-15).

Ако некоја овца е во јама, не ти е потребно посебно откровение да ја извадиш од таму. Колку повеќе треба да исцелиш човек кој е во јамата на болеста? (Матеј 12:11-12).

*Добриот пастир ги исцелува своите овци. Исус е Добриот Пастир. Тој те има исцелено тебе.*

## 14. Службата на Исус

Сè што Исус кажа и направи во Својата служба е директно откровение на Божјата волја (Јован 6:38; 5:19-20, 30; 14:8-10; 8-28-29 Образложен превод). Преку Својата служба Тој ги исцелуваше болните (Дела 10:38). Исус не ги правеше чудата за да ја докаже својата божественост. Тој едноставно ја извршуваше Божјата волја. Зошто Исус ги правеше чудата? Тоа беше Божја волја.

Следните стихови ја опишуваат Божјата служба кон болните. Ни еден болен не беше одбиен. Сите беа исцелени. Секој еден од овие стихови докажува дека е Божја волја да се исцелат сите.

Матеј 8:16…и ги исцели сите кои беа болни.

Матеј 9:35…ја исцели секоја болест и зараза.

Матеј 10:1…да ги исцели сите болести и секакви зарази. Матеј 12:15…и Тој ги исцели сите.

Матеј 14:14…и ги исцели нивните болни.

Матеј 14:36…сите кои се допреа беа целосно исцелени.

Матеј 15:30…и Тој ги исцели нив.

Матеј 19:2…и Тој ги исцели нив таму.

Матеј 21:14…и Тој ги исцели.

Марко 6:56…сите кои се допреа до Него беа исцелени.

Лука 4:40…ги положи рацете на секој еден од нив и ги исцели. Лука 6:19…сила излезе од Него и ги исцели сите. Лука 9:11…и ги исцели оние кои имаа потреба од исцелување.

*Сè што Исус правеше беше Божја волја. Тој ги исцелуваше сите кои доаѓаа при Него. Така ние знаеме дека е Божја волја да се исцелат сите.*

## 15. Исцелувањата во Дела Апостолски

Лука ја започнува книгата на Дела со тоа што вели дека неговото писмо се однесувало на „сè што Исус започнал да прави и поучува.“ (Дела 1:1) Што започнал Исус? Меѓу другите нешта, Тој ја започнал службата на исцеление. Ако Исус ја започнал оваа служба, кој треба да ја продолжи денес? Црквата, ти и јас, ја продолжуваме службата на исцеление.

Во Дела 4:29-30, 33 на апостолите им била дадена храброст да исцелуваат. И во Дела 5:12-16 и Дела 9:32-35 Петар ги исцелувал болните. Но, службата на исцеление не била само за апостолите. Дела 8:5-7 вели дека Филип ги исцелувал парализираните и куците.

Ние знаеме дека исцелувањето е Божја волја бидејќи службата која Исус ја започна никогаш не заврши. Исус нè овласти сите нас да ја продолжиме Неговата служба (Марко 16:15-18). Додека беше во Листра, Павле го проповедаше Словото (Дела 14:7-10) и резултат на тоа беше куц човек да добие верба во исцелувањето. Неговата порака во Словото сигурно вклучувало исцелување. Инаку, како би добил верба овој човек да стане и да чекори (Римјани 10:17)? Затоа што Словото се нема сменето, исцелувањето сè уште е во Словото.

Овие нешта запишани од Лука во Дела, наликуваат на службата која Исус ја започнал додека бил на земјата. Зошто? Тоа е службата на Исус. Тој го прави тоа преку нив и преку нас (Јован 14:12).

*Книгата на Дела докажува дека службата на исцелувањето која Исус ја започнал, сè уште е активна денес. Исус ја започна; ние ја продолжуваме.*

## 16. Исус ни даде авторитет над болеста

Моќта е силна можност. Авторитетот е делегирано право да се употреби сила без присуството на оној кој ја делегирал таа моќ. Исус ја делегирал Својата моќ над болеста на Своите ученици (Матеј 10:1, 7-8; Лука 9:1-6, 10:19; Дела 1:8). Од тој момент тие имале авторитет да ги исцелуваат болните и да ја опоменат болеста. Заповедта од авторитетна личност ни дава на нас авторитет да го направиме она кое тој го заповеда.

Ако еден цар не може да ги покори другите за да ги исполнат неговите заповеди, тогаш тој нема авторитет. Ако неговите делегати не ги исполнуваат неговите желби, тогаш неговото царство нема да напредува. Во 2 Коринтијаните 5:20 Павле го употребува изразот „На Христовото место.“ Кога Исус ја напушти земјата, Тој нè направи нас Негови амбасадори. Ние сме Негови делегати. Ние сме овде да ги исполнуваме Неговите желби во Негово отсуство. Ние работиме како Тој да е овде.

Кога го употребуваме изразот „Во името на Исус“ (Филипјаните 2:9-11), ние го употребуваме авторитетот кој Исус ни го делегираше (Матеј 28:18-20). Во Јован 14:12-14 Исус ни даде дозвола да го употребуваме Неговото име сè додека сме „оној кој верува,“ ни го даде Неговиот авторитет за да ги излекуваме болните исто онака како што правеше Тој. Ако Господ беше овде, Тој ќе ја предупредеше болеста. Ние мораме да го употребуваме авторитетот кој ни е даден од Исус и да одбиеме да ѝ дозволиме на болеста да напредува.

Кога чекориш со твојот авторитет, имаш радост (Лука 10:17; Изреки 29:2).

*Ние знаеме дека  Негова волја за нас е да имаме здравје денес бидејќи Тој ни дал авторитет над болеста.*

## 17. Бог е наш Татко

Добар татко секогаш посакува неговите деца да имаат здравје. На ниеден добар татко не е му е мило да ги гледа своите деца во болки и болести. Ако јас бев болен, знам дека мојот татко би ме излекувал ако би можел. Бог е многу подобар татко од сите татковци кои живееле на земјата (Матеј 7:9-11; Псалм 27:10). Како наш татко (Матеј 6:9; 2 Коринтијани 6:18), Бог ни дава здравје и нè исцелува кога паѓаме болни. Никогаш желба на Таткото не е ние да бидеме болни (Псалм 103:13).

Во параболата за „Изгубениот Син“ таткото му вели на синот: „Сè што јас имам е твое (Лука 15:31).“ Ова го вклучува здравјето и исцелувањето. Исто како нашиот татко, Бог не ги лишил Своите деца од исцелување. Всушност, во 1 Тимотеј 5:8, Господ ги укорува татковците кои „…не снабдуваат за своите, особено за семејството.“ Како Негово дете (Римјаните 8:15) ти, исто така, имаш здравје.

*Добриот татко сака неговите деца да имаат здравје. Бог е најдобриот татко. Како Негово дете ти имаш здравје.*

## 18. Исцелението им припаѓа на Божјите деца

Ако си родител, прва обврска ти се твоите деца (1 Тимотеј 5:8). Другите деца не можат автоматски да очекуваат нивните потреби да бидат обезбедени од тебе. Но, твоите деца треба да очекуваат нивните потреби да бидат задоволени.

Хаананката во Матеј 15:22-28 не можела автоматски да очекува ослободување за нејзиното дете бидејќи таа не била Божјо дете. Ова не ја спречило. Таа верувала дека Исус може и сака да го исцели нејзиното дете. Нејзината верба и понизност го трогнале Исус да има милост над неа и да ја исцели нејзината ќерка.

Секојдневна храна во времето на Исус, како што е и во нашето, бил лебот. Исус зборува за исцелувањето и ослободувањето како „лебот на децата“ (Марко 7:27). Децата природно очекуваат родителите да ги снабдат со нивните секојдневни физички потреби. Давид рекол во Псалм 37:25: „Божјите деца не мораат да молат за леб, тоа е една од основните потреби на едно дете“.

Како Божјо дете (види 17. „Бог е наш Татко“) ти можеш автоматски да очекуваш исцеление од нападите на ѓаволот исто како што очекуваш да имаш храна за вечера. Исцелението е твојот „леб.“ Исус рече во Лука 13:10-17: „Нели треба секое Божјо дете да биде ослободено од болест?“ Псалм 23:5 вели дека ти можеш да го примиш лебот, твојата дневна физичка потреба, токму во

присуството на твоите непријатели. Исцелувањето им припаѓа на Божјите деца. Тоа треба да биде исто толку секојдневно за Христијаните како што е лебот за вечера.

*Здравјето им припаѓа на Божјите деца. Ти можеш да очекуваш здравје исто како што едно дете очекува храна за јадење.*

## 19. Ние сме Исусовата невеста

Било кажано: Жената никогаш не изгледа толку убава како што изгледа на свадбениот ден. Таа има блескав сјај во себе. Исто така е вистина дека една невеста не може да има убавина без да има блескаво здравје.

Црквата е Христовата невеста (Исаија 54:5, Еремија 3:14). 2 Коринтијаните 11:2 вели: „..Бидејќи во моите очи вие сте како недопрена, чиста девица која јас ја претставувам како вереница на нејзиниот вистински сопруг, Исус.“ Ј. Б. Филипс.

Павле пишува дека Црквата треба да е „славна, да нема дамки или брчки, но да биде света и без недостатоци“ (Ефесјаните 5:27). Болеста не е славна. Таа е дамка, збрчканица. Како христијанин ти си дел од Црквата, Божјата невеста. Ти не треба да имаш ниту една дамка (Песна над Песните 4:7).

Нема никаде да најдеш добар сопруг кој сака неговата сопруга да биде болна. Секој сопруг сака неговата невеста да има сјајно здравје. Ние сме Христовата невеста. Ние имаме целосна убавина, вклучувајќи го и сјајното здравје.

*Исусовата невеста, Црквата, има сјајно здравје.*

## 20. Ние сме прачките на лозата

Фармерите во светот плаќаат милиони секоја година за да ја отстранат болеста од растенијата. Сите ние се согласуваме дека болеста во растенијата е лоша. Ако има болест во растението, тогаш гранките ќе бидат болни и нема да можат да дадат плод. Но, ако растението е здраво, гранките ќе бидат здрави и ќе можат да дадат многу плод.

Јован 15:5 вели: „Јас (Исус) сум лозата, а вие сте прачките.“ Лозата, Исус, нема болест во Него. Тој го дал својот живот за да ја отстрани болеста од нашите животи. Нема болест во лозата, ниту треба да има болест во прачките.

Исус продолжува со тоа што вели: „Оној кој престојува во Мене и Јас во него, произведува многу плод бидејќи без Мене не може ништо.“ Не е тешко за една гранка да даде плод. Таа само треба да дозволи течностите кои се во лозата да течат низ неа. Лозата е таа која ја снабдува прачката со сите потребни нешта за здрав живот.

Римјаните 11:16 вели: „Ако коренот е свет, свети се и гранките.“ Истиот живот кој е во Исус, лозата, е во нас, прачките. Сѐ што човек треба да направи за да го прими тој живот е да остане поврзан на лозата. Ако ти пребиваш во Него, животодавното здравје кое Тој го има ќе тече во тебе.

*Животот кој е во Исус, е и во тебе бидејќи Тој е лозата, а ние сме прачките.*

## 21. Ние сме Божји свештеници

Бог му кажал на Мојсеј: „Ниеден свештеник кој има дефект да не принесува жртви, особено ако е болен“ (Левит 21:16-23). Во Новиот Завет, верникот е Божји свештеник (Откровение 1:6; 5:10; 20:6). 1 Петрово вели: „Како сештеници ние треба да принесуваме духовни жртви пред Бога преку Исус Христос .Ако би имал дамка или деформитет,би бил дисквалификуван од службата на свештеник“.

Не е човекот оној кој Му е непријатен на Бог, туку болеста во човекот. Божјата волја за Неговите свештеници, односно ти и јас, е да бидеме без болести. Штом ние сме Негови свештеници, Негова волја за нас е да имаме здравје.

*Бог бара Неговите свештеници да бидат здрави. Ако ние сме Негови свештеници, ние треба да сме без болести.*

## 22. Твоето тело е жива жртва

Римјаните 12:1 вели да ги приложиме нашите тела како „жива жртва, света, прифатлива пред Бог.“ Што ја дефинира жртвата како прифатлива? Во Второзаконие 17:1 Господ му вели на Мојсеј дека жртвата не смее да има „дамка, или недостаток (некакво зло) и ако има, тоа е „изрод, (гадно нешто) за Господ, твојот Бог.“

Во Левит 22:17-25 Бог поставува специфични барања од свештениците за тоа каква треба да биде жртвата. Во нив е вклучено животното да биде без никаква болест. Малахија 1:8, 12-14 вели дека е зло да се принесе болна жртва пред Бога. Тој предлага да се принесе деформирано животно пред гувернерот како дар за да видиш дали тој би го прифатил тоа. Господ, исто така, ја гледа болеста во секоја жртва која Му се принесува.

Бог ги сака болните луѓе, но Тој ја мрази болеста. Здравјето е неопходно за која било жртва, која Му се принесува. За да бидеме прифатени, ние мораме да бидеме без дамки и без недостатоци. Ова ја вклучува и болеста. Преку Христос ние имаме примено здравје за нашите тела. Прифаќањето на здравјето како свое ти дозволува да го исполниш она кое Павле го рекол во Римјаните 12:1.

Бог не би барал од нас да бидеме здрави пред Него без да ни го обезбеди тоа здравје. Десетте лепрозни во Лука 17:11-14 побараа од Исус милост. Тој им рече да отидат и да се појават пред свештеникот. (Левит 13 и 14 дава инструкции на свештениците да го прегледаат лепрозниот и да го прогласат за чист пред да му дозволат влез во

градот). Од нивна страна би било дело на вера да отидат пред свештеникот. Не требало да отидат пред него ако сè уште биле болни. Тие морале да одлучат, ако Тој им рекол да отидат и да се појават пред свештеникот, тогаш до времето кога ќе стигнат, ќе бидат излечени. Еден се вратил и докажал дека сите биле исцелени кога постапувале според Исусовите зборови и отишле кај свештеникот.

Принесете се себеси пред Бога како угодна жртва, без болести и дамки. Верувај дека ако се појавиш пред Бог, тогаш ти си прифатен и си без болест и дамки. Павле не би рекол да го правиме ова ако Христос не нè направил здрави и ослободени од болест.

*Сите жртви мораат да бидат без дамки. Ти си здрав бидејќи Бог бара ти да бидеш жива жртва.*

## 23. Твоето тело е храм на Светиот Дух

Нашите тела се храмови за Светиот Дух (1 Коринтијани 3:16-17; 2 Коринтијани 6:16; Ефесјани 2:20-22; 1 Петрово 2:5; Евреите 3:6). Бог ги избрал нашите тела за место каде што Неговиот Дух пребива.

По распнувањето Божјиот Дух (Светињата) го напуштила Храмот (Лука 23:45-46). На денот на Петекост, Светиот Дух започнал да пребива во секој верник (Дела 2:1-4). Пред жртвата на Исус човекот се сметал за праведен само заради животинските жртви. Откако Исус го откупил човештвото, Светиот Дух можел да пребива во секој човек бидејќи бил праведен во Божјите очи (2 Коринтијани 5:21).

Цената на гревот била платена. Човекот веќе немал долг за гревот. Тој е чист во Божјите очи заради Исусовата жртва. Бидејќи веќе сме чисти, како што бил Храмот, Бог може да  пребива во секој верник како во Свој Храм. Но, на Бог не Му е сѐ исто кога има чума или нешто нечисто во Неговиот дом (1Коринтијани 6:19-20; Псалм 91:10). Во Левит 14:37-53 Бог точно кажува дека твојот дом мора да биде чист од каква било чума. Бог бара само чистота во Својот Храм (1 Солунјани 4:4; Левит 21:16-23).

Кога Исус влегол во Храмот во Матеј 21:12-14, Нему му се слошило од околностите. Тој ги избркал измамниците и крадците. Потоа го направил следното-ги исцелил болните. Тој ја сметал болеста како недостојна за Божјиот

Храм. Бидејќи нашите тела се Божји Храм, ние, исто така, треба да сме ослободени од секаква болест.

*Кога Исус го исчистил Храмот од измамниците и крадците, То,ј исто така, го исчистил од болест. Бидејќи ние сме Божји Храм, ние, исто така, треба да сме чисти од болести и зарази.*

## 24. Ние сме Тело Христово

Дали твоето физичко тело е дел од Телото Христово?

1 Коринтијаните 6:15; 12:12, Ефесјани 5:30 и Римјани 12:4-5 сите тие велат дека твоето тело е дел од Христовото Тело. Колосјани 1:18, Ефесјани 5:23, Ефесјани 4:15, сите тие покажуваат дека Христос е главата на Телото. И Колосјани 1:24 и Ефесјани 4:16 велат дека Црквата е Телото.

Во Дела 9:4-5 Исус го праша Павле: „Зошто ме прогонуваш?“ Кого прогонувал Павле? Тоа било Црквата. Исус покажуваше дека сѐ што ја засегнува Црквата, Неговото Тело, го засегнува и Него.

Христос никогаш не бил болен во Неговото тело. Всушност Христос ја зел казната за нашите гревови (камшици на Неговиот грб) за ние да не имаме болести и зарази во нашите тела (Исаија 53:4-5 и 1 Петрово 2:24). Ако твоето тело е дел од Христовото Тело, а ти имаш болест во твоето тело, тогаш има болест во дел од Христос. Тоа значи дека има болест во Христос. Бидејќи нема ниедно дело на ѓаволот (Псалм 41:8) во Христос, ние знаеме дека Бог има обезбедено исцеление за Неговото Тело.

Колосјани 2:19 вели дека главата го храни телото. Сѐ што е вистина за главата, исто така, е вистина и за телото. Ако Христос немаше болести, тогаш не треба да имаш ни ти-Неговото Тело.

*Христос не е болен и не треба да има болест во Неговото Тело.*

## 25. Даровите на исцелението

Дали некогаш ти имаат понудено бесплатно парче храна во некој ресторан или пекара? Дали ти дале од вчерашните остатоци или од оние најдобрите? Секако дека од најдобрите. Зошто? Бидејќи сакаат ти да купиш голема порција од продуктот кој си го пробал. Божјите Дарови на исцеление се бесплатни примероци на она кое ни е достапно на сите во голема порција. Би можеле да речеме дека тие се Побожна реклама.

Даровите на исцеление, спомнати во 1 Коринтијани 12:9, се само тоа, дарови. Тие се дадени по волјата на Светиот Дух. Често верата не е фактор во примањето на дарот. Тогаш, како е ова е доказ дека е Божја волја да се исцелат сите денес?

Ако Бог ги исцелеше сите неселективно и не го направеше достапно за сите, Тој би бил неправеден. Родител кој се однесува попристрасно кон едно дете во споредба со друго, е наречен нефер. Бог не е ниту неправеден, ниту нефер. Тој нема да направи нешто за еден, ако не го направи за сите.

Целосното исцеление е платено. Здравјето е дар за сите. Даровите на исцелението се демонстрација на сè што можеме да примиме по вера во откупувањето на Исус Христос. Бог ја покажа Својата волја за нас преку даровите кои ни ги нуди. Дали тоа е по вера или дар, Бог сака сите ние да имаме здравје.

Ние сме сигурни дека е Божја волја Тој да нè исцели сите денес. Инаку, даровите на исцелението ќе беа лажна реклама на невистинит примерок.

*Бог ни дава исцеление преку даровите на исцелението. Но, тие се само примероци на она кое ни е достапно на сите преку вера.*

## 26. Полагање на рацете

Во електричната индустрија има закон од физиката кој се вика Закон на контакт и пренос.Тој гласи дека: Кога наполнетиот контакт ќе се сретне со приемчив контакт, завршувајќи го колото, полнењето се пренесува. Во основа, кога колото е поврзано, струјата може да тече.

Во Евреите 6:1-2 ракополагањето е наречено доктрина на Црквата, заедно со покајанието, вербата во Бога, крштевањето, воскреснувањето на мртвите и вечниот суд. Сите овие доктрини и денес сѐ уште постојат во Црквата. Доктрината на ракополагањето се употребува за да се пренесе помазанието од свештеникот на примателот.

Во тој допир помазанието е пренесено од „наполнетата“ индивидуа до индивидуата која „прима.“ Павле и Варнаба го добиле повикот да служат преку полагање на раце (Дела 13:1-3). Павле подоцна ја употребил оваа доктрина кога го помазал Тимотеј за служба (1Тимотеј 4:14). И во Исусовата служба можеш да забележиш како Тој полага раце на болните (Лука 4:40). Во сите овие случаи имало пренос кој се случил кога раце биле положени на индивидуите.

Марко 16:18 вели дека ако верниците полагаат раце на болните, тие ќе оздрават. Се случува пренос на исцелително помазание кога верник ќе положи раце на болен. Забележи дека не вели дека тие веднаш ќе бидат исцелени. Но, вели дека тие ќе оздрават.

Библијата не ни прецизира на кого да полагаме раце. Ако не е Божјата волја да се исцелат сите кои биле ракоположени, тогаш верниците би требало да застанат и да се помолат за тоа на кого треба и на кого не треба да полагаат раце. Ако некои треба да останат болни, тогаш верниците би излегле од Божјата волја преку полагање раце на погрешни луѓе. Но Божјата волја е сите да се исцелат. Затоа Тој не прецизираше на кого да се полагаат раце.

*Секој верник може да положи раце на болен човек и да очекува дека тој ќе оздрави.*

## 27. Помазување со масло

Јаков 5:14-15 вели: „Боледува ли некој меѓу вас, нека ги повика старешините на Црквата и тие нека се помолат над него и нека го помазат со масло во името на Господа, и молитвата на верата ќе го спаси болниот и Господ ќе го крене, и ако направил гревови, ќе му бидат простени.“

Јаков дава специфичен план на дејство за секој кој е болен. Побарајте од старешините на Црквата да ве помазаат со масло и молете со молитва на верата. Тој вели дека ако ова се направи, болниот ќе биде спасен. Марко 5:23 и Дела 14:9 го преведуваат зборот „спасен“ како „исцелен.“ Стандардниот превод вели: „И молитвата измолена во верба ќе го оздрави болниот....“ Така што, молитвата на верата ќе го исцели болниот.

Јаков, исто така, го употребил инклузивниот збор „секој.“ Нема граници на тоа кој може и кој не може да биде помазан од старешините ако е болен. Ако Бог не мислел на „сите“ кога го инспирирал Јаков во пишувањето на овој пасус, тогаш ние би требало да застанеме и да Го запрашаме Бог кого сакал да исцели.

Бог мислел на „секој.“ Ако ти си болна, можеш да ги повикаш старешините на Црквата очекувајќи да бидеш исцелена, ти ќе бидеш исцелена. Бог не би можел да ја направи оваа понуда за сите и потоа да ја забрани на поединци. Бидејќи Тој рекол „секој,“ ние знаеме дека Неговата волја е за сите.

*Ние знаеме дека  Божја волја е да се исцелат сите затоа што Тој рекол дека „секој“ може да биде помазан од старешините и да биде исцелен.*

## 28. Божјата сила

Кога болеста ќе го нападне телото, таа ќе го ослаби. Лекот за болеста е Божјата сила.

Секоја сила е духовна по природа. Иако била демонска, силата на лудиот човек од Гадара била духовна (Марко 5:3-4). Изворот на силата на Самсон не била очигледна или видлива. Тој немал големи мускули како што го прикажуваат филмовите или сликите. Ако било така, тогаш немало да се запрашуваат од каде му доаѓала силата (Судии 14-16). Неговата сила, исто така, била духовна.

Овие стихови покажуваат дека силата доаѓа од Бог.

Неемија 8:10 Божјата радост е твоја сила.
Псалм 18:32 Бог е Оној кој ми дава сила.
Псалм 27:1 Господ е сила на мојот живот.
Псалм 29:11 Господ ќе му даде сила на Својот народ.
Псалм 41:3 Господ ќе го осили на неговата постела од болест.
Псалм 46:1 Бог е наше прибежише и сила.
Псалм 68:28 Твојот Бог ја држи твојата сила.
Псалм 71:16 Јас ќе одам во силата на Господ Бог.
Псалм 73:26 Бог е силата на моето срце.
Псалм 84:5 Благословен е човекот чија сила е во Тебе.
Псалм 84:7 Тие одат од сила во сила.
Псалм 138:3 Направи ме храбар и осили ми ја душата.
Јоил 3:10 Нека слабите речат: „Јас сум силен.“
Ефесјани 3:16 Бидите осилени со моќта преку Неговиот Дух.

Ефесјани 6:10 Биди силен во Господа, моќта на Неговата сила.
Филипјани 4:13 Јас можам сѐ преку Христос кој ми дава сила.
Исаија 20:29, 31: -Тој им дава моќ на слабите; И на оние кои немаат моќ, Тој им дава сила. Но на оние кои чекаат на Господа, ќе им се обнови силата; тие ќе се издигнат со крилја како на орел, ќе трчат и нема да се изморат, ќе одат и нема да паднат.

Римјаните 8:11 вели: - Духот кој го воскресна Христос од мртвите ќе го оживее (осили) твоето тело преку Светиот Дух кој живее во тебе. Тој може да даде живот дури и на мртвите, како што направи со Исус. Ако Светиот Дух е во тебе, ти ја имаш Божјата сила и Неговата воскреснувачка моќ.

Ние знаеме дека Божја волја е сите да имаат здравје бидејќи тој го дава Светиот Дух на сите кои веруваат. Секој кој го има Божјиот Дух во себе, исто така, ја има Неговата сила. И секој кој ја има Неговата сила има здравје, бидејќи Тој не го задржува од нас Неговиот Дух; Тој, исто така, не ја задржува Својата исцелителна моќ од сите кои веруваат.

Секој кој чека на Господ (очекува Негова помош во време на потреба) ќе ја добие Неговата сила (Исаија 40:31). Кога Божјата сила е присутна во едно тело, тоа е здраво. Бидејќи сите ние можеме да ја примиме Неговата сила, ние знаеме дека секој може да прими исцеление.

*Ние знаеме дека Бог дава здравје на сите бидејќи Тој ја дава Својата сила на сите.*

## 29. Божјото ветување на долговечност

Исус избра да го положи својот живот. Тој не беше земен од Него (Јован 10:18). Павле можеше да избере да живее или да умре (Филипјаните 1:21-25). И на сатаната му беше забрането да му го одземе животот на Јов (Јов 2:6-10). Ти, исто така, имаш избор кога ќе умреш. Ѓаволот не може да го земе твојот живот. Ти избираш кога ќе го положиш својот живот.

Евреите 9:27 не вели, „време за умирање“ туку „да се умре еднаш.“ Бог ни ветува долг живот на секој еден од нас. 25 години не е долг живот или „исполнета возраст“ (Јов 5:26). Плач Еремиин 7:17 прашува: „Зошто да умреш пред да ти е време“. И Плач Еремиин 3:1-2 вели дека има време, или подобро кажано „сезона“ за умирање, не 15:30 во петок.

Која е сезоната за умирање? Бог вели дека човекот треба да живее до 120 години (Битие 6:3). 70 години им биле ветени на оние кои не биле под Божјиот благослов (Псалм 90:7-10). Бог му кажал на Мојсеј дека било време за умирање; Тој бил 120 години (Второзаконие 32:48-50; Второзаконие 34:7).

Она кое ние го правиме може да го продолжи или скрати животот (Изреки 3:1-2; 4:10; 9:11; 10:27). Словото ветува дека ако ти ги почитуваш твоите татко и мајка, ќе добиеш долг живот (Излез 20:12; Ефесјаните 6:2). А изговарањето на живот може да ги продолжи твоите денови (Псалм 34:12-13; 1 Петрово 3:10-11).

Ние треба да ги живееме нашите животи исполнети со сила и здравје (Псалм 91:16; Излез 23:25-26). Авраам умрел во длабока старост и задоволство (Битие 25:7-8). Јаков бил во добро здравје (Битие 43:28). И Давид умрел во добра старост (1 Коринтијаните 29:28).

Ти не мора да си болен за да умреш (Битие 49:33). Ние треба да живееме долго за да ја покажеме Божјата сила на наредната генерација (Псалм 71:16, 18). (Псалм 92:10, 12-15). Кога ти ќе ја достигнеш староста во животот, не се предавај, туку осили се одново (Псалм 103:5).

*Бидејќи е Божја волја за нас е да имаме долг и здрав живот, ние знаеме дека исцелението денес е за сите.*

## 30. Целосните ветувања на Бог

Бог неколкупати има ветено да направи „сѐ,“ „ било што,“ „што и да е потребно.“ Низ целата Библија Бог ги вклучува сите во Неговите ветувања. Тој вели: „Јас ќе…“ „ќе направам“ и „никој нема да…“ Тој појаснува дека „кој и да побара“ во верба, имајќи доверба ќе прими. Ако некој дејствува на Неговите ветувања со верба, тој ќе добие.

Ако Неговите ветувања беа ограничени само за некои индивидуалци, ние немаше да можеме да дејствуваме со верба, освен ако не знаевме со сигурност дека ветувањето беше токму за нас. Ние знаеме дека Божја волја е сите да имаат здравје бидејќи Тој ги вклучува сите кога ги дава ветувањата.

Истражи ги овие пасуси и види ги целосните ветувања на Бог:

Псалм 34:9-10 **Никој** нема да биде во скудност.

Псалм 34:17, 19 Тој те избавува од **сите неволји.**

Псалм 37:4 Тој ќе ги исполни **сите твои желби.**

Псалм 50:15 Тој ќе те избави **тебе.**

Псалм 57:2 Тој ќе направи **сѐ** за тебе.

Псалм 68:19 Тој секојдневно **ти** дава придобивки.

Псалм 84:11 Нема да ти скрати **ниедно** добро.

Псалм 91:10 **Ниедно** зло нема да те достигне.

Псалм 103:2-3 Не заборавај **ниедна** од Неговите придобивки.

Изреки 10:24 Желбите на праведните **ќе бидат исполнети.**

Матеј 18:18-19 Бараj **што и да е** и тоа ќе биде исполнето.

Матеј 21:21-22 Она кое го бараш во молитва, **ќе ти биде дадено.**

Марко 9:23 **Сите нешта** се возможни за оној кој верува.

Марко 11:23 Нештата кои ги велиш, **ќе бидат исполнети.**

Марко 11:24 **Секој кој** бара, ќе добие.

Јован 14:13-14 **Што и да побараш,** Тој ќе го изврши.

Јован 15:7, 16 **Што и да побараш,** ќе биде направено за тебе.

Јован 16:23-24 **Што и да побараш,** Тој ќе ти даде.

Римјаните 8:32 Тој ќе ти ги даде **сите нешта** бесплатно.

1 Коринтијани 3:21-22 **Сите нешта** се твои.

2 Коринтијани 2:14 **Бог секогаш** те води во победа.

Ефесјани 1:3 Тој нè благословува со **секој духовен благослов.**

Ефесјани 1:22 Тој ги поставил **сите нешта** под Неговите нозе.

1 Тимотеј 6:17 Тој богато ти ги дава **сите нешта** за да уживаш во нив.

2 Петрово 1:3 Тој ти ги има дадено **сите нешта** потребни за живот.

*Ние знаеме дека здравјето е Божја волја бидејќи ветувањето за исцеление се однесува на сите.*

## 31. Првите плодови на нашето наследство

Телата, кои ние сега ги имаме, ќе бидат обновени (Филипјаните 3:21; 1 Коринтијанните 15:53); Ние ќе ги оставиме овде телесните тела и ќе добиеме вечни тела (Римјаните 8:23; 2 Коринтијаните 5:4). Телата кои ги имаме овде на земјата се распадливи. Но во Воскресението, ние ќе добиеме тела кои нема да се распаднат или да бидат под влијание на времето и старeењето. Нешто многу слично до преродување ќе им се случи на нашите тела; сите нешта ќе бидат обновени (2 Коринтијани 5:17).

Некои веруваат дека не сите ќе бидат исцелени пред да умрат и дека ние ќе бидеме исцелени во милениумот. Но, исцелението е за нашите земни тела; во милениумот ние ќе имаме нераспадливи тела. Нам нема да ни е потребно исцелението откако ќе заминеме од земјата. Болеста е само присутна онаму каде што е ѓаволот, а тој нема да биде во рајот.

Во многу бизнис размени авансот или правата транша е дадена за да се осигури исполнувањето на договорот. Нашето целосно физичко откупување, исполнувањето на Божјото ветување, или договор, ќе бидат нашите обновени тела; Но ние ги имаме примено првите плодови од тоа уште сега: исцелението (Римјани 8:11; 2 Коринтијани 4:10-11). Тој ни го докажува тоа преку испраќањето на Светитот Дух како аванс или прва транша (2 Коринтијани 5:5; 2 Коринтијани 1:22; Ефесјани 1:13-14).

Откупувањето е тродимензионално: дух, душа и тело. Авансот за нашите нови тела е славата која е

манифестирана во одредена мерка овде и сега во нашите смртни тела. Кога трубата ќе затруби, Бог ќе ни ја даде целосната доза на воскреснатиот живот. Во меѓувреме ние можеме да искусиме „мини-воскресенија.“ Физичкото исцеление е нашиот аванс за нашиот целосен физички откуп (нашите обновени тела).

*Ние знаеме дека Божја волја за нас е да имаме здравје сега; Тој ни го има дадено исцелението како прва транша за целосниот физички откуп.*

# ОСНОВИ НА ИСЦЕЛЕНИЕТО

## Дел 2 - Ослободување на верата

32. Ние самите сме одговорни да го добиеме своето исцеление ... 55
33. Според твојата вера ... 57
34. Три чекора до вера ... 58
35. Исповедувањето игра важна улога ... 60
36. Духовно исцеление ... 61
37. Божествено исцеление ... 62
38. Исцелението е дел од спасението ... 63
39. Како да примиш исцеление ... 64
40. Методи на примање на исцеление ... 65
41. Зошто некои не успеваат да примаат исцеление 67
42. Зошто манифестацијата не секогаш се случува веднаш? ... 69
43. Дали Бог ги прави луѓето болни? ... 70
44. Исцеление наспроти демонска опседнатост ... 71
45. Дали „трнот“ на Павле бил болест? ... 72
46. Јов ... 76

## 32. Ние самите сме одговорни да го добиеме своето исцеление

Кенет Е. Хеген рекол: „Најголемата потешкотија во исцелувањето на луѓето е да ги убедиш дека Божја волја е да се исцелат.“ (Исцелителниот Библиски Курс, стр. 131). Изреки 18:9 во Продолжениот превод велат: „Оној кој е негрижлив и заостанува во својата работа, е како брат на расипникот и оној кој не ги употребува ресурсите за да се исцели е како брат на оној кој извршува самоубиство.“ Во фуснотата вели: (од) Септуагинтата: „...оставајќи ја природата да го заземе својот непрекинат тек.“ Повеќето чекаат на Бог да направи чудо, нешто над нормалното, кога исцелението веќе им припаѓа ним.

Ние сме одговорни да си го добиеме исцелението. Исус го купил исцелението на Ккрстот (Исаија 53:4-5). Бог направил сè што ќе направи. Сега е наша одговорност да посегнеме во Неговото снабдување со тоа што ќе медитираме на Неговиот збор, верувајќи дека е вистина и ќе делуваме на него. Библијата спомнува многу начини да се добие исцеление. Нив ќе ги дискутираме подоцна. Многу не успеваат да го добијат бидејќи не го проучуваат страствено Божјиот збор. Изреки 4:20-22 вели дека ако поминеш време слушајќи и учејќи го Божјиот збор, тој ќе ти донесе исцеление на телото како лек.

Лековите се во ред (Изреки 17:22). Многу луѓе биле одржувани во живот од лекови и доктори доволно долго за Божјиот збор да се вкорени во нивните срца и да донесе целосно исцеление на нивните тела. Но Аса барал

доктори, а не Бог. Тој ја ставил својата вера во докторите, а не во Божјиот збор и тој умрел (2 Летописи 16:12-13).

Докторите се благослов за човештвото, но на Божјите деца им е ветено здравје; тоа е чекор над исцелението. Ние треба да го зграпчиме нашето здравје и да не му дозволуваме на сатаната да нè ограби од она кое веќе ни припаѓа нам (1 Тимотеј 6:12).

## 33. Според твојата вера

Исцелителната моќ на Бог секогаш е достапна. Таа може да се манифестира преку видливо помазание или молитва. Но најдобриот начин е ако предизвикаш да се манифестира преку дејствување на Словото, Божјото ветување на исцеление.  Во сите овие случаи ти треба да ја ослободиш твојата верба во Божјата моќ на исцеление; ти треба да се согласиш дека таа ќе се манифестира во твоето тело. Твојата верба е она  кое ѝ дава дејство на моќта.

12 од 19-те случаи на индивидуи кои беа исцелени, во Словото ја споменуваат својата верба. Исус ни го појасни тоа: ти примаш исцеление преку твојата верба.

Стотникот Матеј 8:10, 13; Лука 7:9,

Човекот болен од парализа Матеј 9:2; Марко 2:5; Лука 5:20,

Жената со крвотечение Матеј 9:22; Марко 5:32; Лука 8:48,

Двајцата слепци Матеј 9:27-30,

Хананејката Матеј 15:28,

Јаировата ќерка, Марко 5:36; Лука 8:50,

Синот со глувонемиот дух, Марко 9:17-27; Лука 9:38-42,

Слепиот Вартимеј, Марко 10:52; Лука 18:42,

10-те лепрозни, Лука 17:19,

Синот на богатиот човек, Јован 4:46-53,

Лазар, Јован 11:40,

Неверникот, Матеј 13:58; Марко 6:1-6.

## 34. Три чекора до вера

Кит Мур ги дава овие три чекора за произведување на верба:

1 *Продолжи во Зборот додека да дојде светлината* (Псалм 119:130; Јован 8:31-32). Помини време читајќи и слушајќи го Зборот сè додека не дојде откровението. Нека биде посеано како семе во твоето срце. Негувај го со медитацијата. Продолжи да го наводнуваш додека да даде плод.

2 *Кога ќе дојде светлината, ти имаш вера* (Римјаните 10:17; Исаија 58:8). Со тоа што ќе медитираш на Зборот, ти ќе му дозволиш на твојот ум да биде репрограмиран, сè додека не почне да им верува на Божјите ветувања повеќе од околностите. Ти навистина треба да веруваш дека твоето тело ќе ги одразува условите на Божјиот збор. Кога ти си убеден дека Словото е повистинито од твојата состојба, ти си во вера.

*3 Дејствувај според твојата вера.*
Павле проповедаше во Листра (Дела 14:7-10). Куц човек слушаше. Кога Павле го погледна, тој знаеше дека човекот поверува во она кое го слушна. Тој беше во вера. Павле рече со силен глас: „Стани!“ Куциот човек скокна на своите нозе и одеше за првпат во својот живот. Слушањето на Божјиот збор му даде верба; тој едноставно мораше да дејствува според она во кое веруваше. Кога вербата е ослободена или се дејствува според неа, исцелението се манифестира.

Не се фокусирај на добивање на верата. Помини време во Зборот. Вербата не доаѓа од слушање за вера; таа доаѓа од слушање на Божјиот збор (Римјаните 10:17). Тебе не ти треба повеќе вера, туку да продолжиш во Зборот. Продолжи да медитираш на Зборот додека не добиеш откровение за Божјата волја. Ф. Ф. Босворт рекол: „Верата започнува онаму каде што е позната Божјата волја.“

## 35. Исповедувањето игра важна улога

Бог ги направил нештата на земјата, нештата „видливи“ поразлично од нештата „невидливи“ (Евреите 11:3). Тој го создал сето она кое го гледаме само со збор. Ти, исто така, имаш креативна моќ, твојата исповед. Изреки 18:21 вели дека смртта и животот се во силата на твојот јазик.

Авраам ја имитирал Божјата креативност кога ги нарекол нештата кои не биле како што биле (Римјаните 4:17). Кога тоа не постои, тој рекол дека постои. Тој немал доказ дека ќе постои, освен Божјиот збор. Ти можеш да го повикаш здравјето во живот, ако си болен. Не ги негираш нештата кои постојат (болка, болест итн.), но даваш поголемо внимание на зборувањето на она кое Словото го вели, наместо на твојата болест (Изреки 12:18).

Ако ти веруваш дека ќе го имаш она кое го зборуваш, ќе го имаш (Марко 11:24). Речникот на Вајн вели дека во Ефесјаните 6:17 се вели дека Светиот Дух може да ти даде само „Рема“ (Божјиот збор оживеан во вера) на она кое ти го имаш во себе (Римјаните 10:17). Медитирај на Зборот на исцеление за да може да излезе од твоите усни. Зборот Божји, изговорен со очекување, ќе произведе исцеление во твоето тело (Римјани 10:8-13).

## 36. Духовно исцеление

Човекот е дух кој живее во тело и поседува душа (1 Солунјани 5:23; Евреите 4:12; 1 1 Петрово 3:4; Ефесјани 3:16). Твојот дух дејствува со духовниот свет; делот кој го познава Бог. Твојата душа дејствува со интелектуалниот свет: умот, волјата и емоциите. Твоето тело дејствува во физичкиот свет, во куќата во која живееш.

Животот кој е во твоето тело, е производ на твојот дух (Јаков 2:26). Целиот живот доаѓа од твојот дух (Изреки 4:23). Твојот внатрешен човек е извор на твојот живот (Лука 11:33-36). Изреки 18:14 (Проширен превод) вели: „Силниот дух на човекот ќе се оддржи низ телесната болка и неволји, но кој може да го подигне или издржи слабиот и скршен дух?"

Нашата цел е да изградуваме и оддржуваме силен дух. Кога ти си силен во духот, исцелителното помазание може да тече низ тебе. Помазанието ги крши јаремите, а не свештеникот (Исаија 10:27).

Кога се справуваше со болест, Исус се справи со коренот на проблемот, сатаната и гревот (Колосјани 1:13; Колосјани 2:15; Евреите 2:14-15). Болеста е духовна бидејќи е резултат на грев и смрт (Римјани 5:12, 8:10-11). Со неа мора да се справиме духовно. Кога се справуваме со болест или им сведочиме на болните, не треба да се справуваме со симптомите, туку со изворот на проблемот.

## 37. Божествено исцеление

Исцелението доаѓа од Бог (Излез 15:26). Неговиот извор е божествен. Ако Исус е Зборот (Јован 1:1) и Зборот исцелува (Изреки 4:20-22), тогаш Исус е изворот на исцеление и наш Божествен исцелител.

Дали Исус исцелува само за да ја докаже својата божественост? Не. Имаше повеќе од еден случај во којшто Тој не можеше да ги исцели болните. Марко 6:5 вели дека не се работеше за тоа дека Тој не сакаше да ги исцели болните, но не можеше. Исус беше спречен од нивната невера (Матеј 13:58). Во Лука 5:17 моќта на Бог била таму за да исцели, но тие ја прогласиле за неефективна. И во Јован 5:1-9 само еден бил исцелен крај бањата Витезда.

Исус е изворот на нашето исцелување. Тој извор може да остане затворен. Тој секогаш е расположен да исцели. Гледај кон Него како кон свој извор и ти ќе добиеш исцелување за твоето тело и здравје да те оддржат.

## 38. Исцелението е дел од спасението

Според Исаија 53:4-5; Матеј 8:17; и 1 Петрово 2:24 Исус го зеде нашето место на грев. Ефесјаните 2:8 вели дека ние сме спасени по благодат. Не само што сме спасени, ние, исто така, сме и исцелени (Римјаните 10:9-13).

Грчкиот збор за „спасен“ е „sozo.“ Неговата дефиниција е повеќеслојна. Тој вклучува:

Истрајност 2 Тимотеј 4:18,

Исцеление Дела 14:9; Марко 5:23,

Избавување Лука 8:36,

Безбедност Матеј 8:25,

Здравје Дела 2:46-47; Ефесјани 2:5.

Откупот на Христос е за целиот човек. Псалм 103:3 вели: „Оној кој ти ги простува сите беззаконија, Кој ги исцелува твоите болести.“ Нам ни е простено и сме исцелени. Двете половини од овој стих се вистина денес. Ти не можеш да речеш дека ни е простено, а да речеш дека не сме исцелени. Спасението вклучува исцеление.

### 39. Како да примиш исцеление

Кога им проповедаш на болните, запомни дека проблемот најчесто е во страната на примачот. Исцелението започнува кога тие примаат. 2 Коринтијаните 10:3-5 вели дека умот е најголемата препрека. Помогни им да го смират умот и да се видат себеси како исцелени. Ако не можат да се видат како исцелени, тогаш не се подготвени да примаат. Нацртај им ментална слика. Помогни им да ја видат оваа слика на здравје. Штом ја добијат таа слика, ослободи го помазанието врз нив.

Ако си трогнат кога ќе се случи манифестацијата, ти ќе бидеш трогнат и кога таа нема да се случи. Само затоа што не можеш да ги видиш резултатите, не значи дека помазанието не им било проповедано или дека личноста не го примила. Тешко е за една личност да прими ако е свесна за својот грев (Псалм 66:18). Кога Исус не можеше да ги натера луѓето да примаат, Тој ги поучуваше (Марко 6:5-6; Матеј 13:58).

## 40. Методи на примање на исцеление

Постојат многу методи за сведочење на болните. Еве некои од методите кои ќе ѝ помогнат на една личност да прими исцеление.

1. Словото е полно со факти, дејствувај врз нив со вера.

Ова е најдобриот метод. Личноста може да прими исцеление преку вера или преку Даровите на Духот. Како и да е, тие ќе мора да го сочуваат своето исцеление преку вера. Најчесто, личност која ќе прими исцеление преку Даровите, не била со верба. Личност која дејствува според Зборот со вера едноставно ја одржува својата вера за да го зачува своето исцеление, наместо да треба да развие вера откако ќе прими исцеление.

Верувај во овие пасуси и работи според нив: Исаија 53:3-5; Матеј 8:17; 1 Петрово 2:24.

2. Законот на контакт и пренос

Кога ќе се воспостави контакт, тој вклучува размена на исцелителна моќ/помазание.

*А. Ракополагањето*

Марко 16:18; Евреите 6:1-2; Марко 5:23, 35-41; Марко 7:32-35; Марко 6:5; Лука 4:40; Лука 13:13; Дела 28:8.

Исус го употребувал овој метод најмногу од сите.

*Б. Дозволи им на болните да се допрат до тебе!*

Марко 5:25-34; Марко 6:56; Лука 6:19

*В. Молитвени крпи*

Дела 19:11-12; Марко 5:27-30; Матеј 14:36

3. Зборувај ѝ на болеста!

Марко 11:23; Лука 4:39; Матеј 8:8

4. Делувај со вера!

2 Царства 5:5; Лука 17:14; Јован 9:6-7; Дела 14:10

5. Визуелизирај се како исцелен!

2 Коринтијани 4:18: „Не гледајте кон нештата кои се видливи…“ Изреки 23:7; Римјани 4:17.

6. Помазание со масло

Јаков 5:14-15; Марко 6:12-13

7. Застапничка молитва

Матеј 17:21; Марко 9:29; Јаков 5:16

8. Изгонување на ѓаволот

Исус ни кажа дека ние имаме авторитет над ѓаволот. Исус направил сѐ што треба да се направи со ѓаволот. Наша одговорност е да го изгониме.

Ефесјани 4:27; Јаков 4:7; 1 Петрово 5:8-9; Марко 16:17; Лука 10:19; Марко 9:17-27; Матеј 17:14-18; Матеј 9:32-33; Матеј 12:22; Лука 11:14

9. Даровите на Духот

1 Коринтијани 12:8-10; 1 Коринтијани 14:1

## 41. Зошто некои не успеваат да примаат исцеление

<u>Повеќето спаѓаат во 3 категории:</u>

1 Грев Псалм 66:18; 1 Јован 3:20,

2 Недостаток на вера Римјани 4:17,

3 Непростување Матеј 6:14; Матеј 5:23-24,

<u>12 Можни проблеми</u>

1. Недостаток на знаење.
Осија 4:6; 1 Коринтијани 11:29

2. Недостаток на верба во Словото.
Матеј 7:24-27

3. Недостаток на единство.
Матеј 18:19

4. Општествена неверба.
Марко 8:22-26; Марко 5:37-40; Дела 9:37-40

5. 8 Човечки традиции:
Луѓето можат да ги величат традициите на кои биле поучувани, повеќе од Божјиот збор, со тоа правејќи ја неефективна Божјата волја во нивните животи (Марко 7:7-9).

А. Бог е авторот на болеста.

Дела 10:38; Јован 10:10; Лука 13:16

Б. Болеста е Божја волја.

В. Јас повеќе го прославувам Бог во болест, отколку во исцелувањето.

Г. Годините на исцелување се поминати.

Евреите 13:8; Јаков 1:17

Д. Не е Божја волја да се исцелат сите.

Јаков 5:15

Ѓ. Секогаш се молам: „Ако е Твоја волја?“

Матеј 26:39

Е. Трнот на Павле

2 Коринтијани 12:7

Ж. Исус исцелувал како Син Божји, не како Син човечки.

Матеј 10:8; Дела 10:38; Јован 5:30; Филипјани 2:7

6. Прекршок на природните закони.

А. Божјите природни закони се исто толку божествени како Неговите духовни закони.

Б. Земјата сѐ уште е проколната.

2 Коринтијани 4:4; Откровение 22:3

7. Недостаток на вера од страна на свештеникот.

Матеј 17:18-21

8. На некои им е потребно ослободување, а не исцелување.

Матеј 8:16; Лука 8:36; Лука 11:14

9. Гледаат во беззаконието во своето срце.

Псалм 66:18; Изреки 28:13; Јаков 5:16

10. Не во Божја волја.

Јаков 4:7

11. Дух на непростување

Марко 11:25-26; Матеј 6:15; Матеј 5:22-24

12. Грешки кои не се поправени.

Излез 22:1; Лука 19:8

## 42. Зошто манифестацијата не секогаш се случува веднаш?

Нешто кое треба да се земе во предвид кога им се сведочи на болните; исцелението доаѓа во дози. Кенет Е. Хеген ги дава овие две:

1 Степенот на посведочената исцелителна моќ.

2 Степенот на вера на идвидувата кој ѝ дава дејство на таа исцелителна моќ.

И двата се одлучувачки фактори за тоа кога манифестацијата ќе се случи.

Сатаната, исто така, сака да ја спречи манифестацијата. Единственото нешто по кое најмногу копнее ѓаволот, е твојата вера. 1 Петрова 1:7 вели дека ќе има суд на твојата верба. Кит Мур вели дека тој ќе те испитува во овие три области:

1 Сатаната ќе го предизвикува Божјиот карактер и Неговиот збор.

2 Сатаната ќе се обиде да те убеди да чекориш по вид (она кое го гледаш/околностите).

3 Време.

Марко 11:24 вели дека ќе го имаш она кое го изговараш, но тоа нема веднаш да се случи.

## 43. Дали Бог ги прави луѓето болни?

Преводот на Јанг вели дека Излез 15:26 е преведен погрешно. Требало да биде преведно во допусната форма, неместо во причинската.

Бог не е уништувач; Сатаната е (Излез 12.12, 23; Јован 10:10). Бог допуштил сатаната да ги одземе животите на Египќаните во Пасхалната вечер. Може да се каже уште подобро: бунтовноста на Египќаните предизвикала Божјата рака на заштита да се оттргне од нив.

Во Евреите 1:3 Исус е опишан како „точната слика" на Бог. Ова е истиот грчки збор употребен во Евреите 11:1 како „супстанца." Исус е Божјата волја во дејство. Тој направи и искажа сè што Таткото му рече да направи (Јован 5:30; 6:38). Ако Тој ги исцелувал луѓето кои Бог ги направил болни, Тој бил бунтовен и непокорен.

## 44. Исцеление наспроти демонска опседнатост

Демонската опседнатост не бара исцеление, туку ослободување. Кога ќе се справувате со ѓаволот, заповедајте му да излезе. Т. Л. Озборн рекол: „Ние го опоменуваме ѓаволот и луѓето оздравуваат.“

Еден Христијанин телесно може да биде напаѓан од демони, но тие не можат да му го опседнат духот (како лебарки во куќа). Сатаната е тој кој ги опседнува луѓето со болест. Исус ги ослободува (Дела 10:38; Лука 13:16; Јован 10:10).

Најчестиот начин на кој луѓето го губат своето исцеление е преку контра напади. Матеј 12:43 вели дека демонот може да излезе од човекот и пак да се врати. Лестер Самрал ја раскажува случката за девојката која била касната од демони. Тој вели дека таа била ослободувана преку 20 пати.

## 45. Дали „трнот“ на Павле бил болест?

Види ги овие објаснувања на фразите од 2 Коринтијани 12:7-13:

„Трн во телото“

Кога се употребува зборот „трн“ во Стариот Завет, тој секогаш опишува карактер, никогаш болест или зараза.

Броеви 33:55; Исус Навин 23:12; Судии 2:2-3; Самоилова 23:6

„Гласник“

181 Х-е преведено како „ангел“, 7 Х е преведено како „гласник“. Секогаш опишува личност испратена од друг за некоја цел. Овој „гласник“ бил испратен од сатаната со цел да го спречи Павле од ширење на „изобилството на откровенија“.

Матеј 11:10; Марко 1:2; Лука 7:24, 27; Лука 9:52; 2 Коринтијани 12:7; Јаков 2:25

„Изобилство на откровенија“

Прогонството секогаш доаѓа заради полза на Словото. Службата на Павле била една од најпродуктивните во тоа време и неговите писма исполнуваат две третини од Новиот Завет.

Марко 4:14-15

„Возвишен над мера“

Тоа значи да се биде „поуспешен од просечно“. Целта на сатаната била да го спречи Павле со сè што може. Павле

се истакнал над сите други апостоли во својата служба, но одржал понизен став изјавувајќи: „Иако јас сум ништо.“

2 Коринтијани 12:11-13

„Бичување“

Тоа значи да се „удира одново и одново“. Ако било болест, Павле би бил болен, би оздравел, пак би паднал болен, оздравел и повторно би се разболел. Тој страдал многу прогонства, но не и болести.

2 Коринтијани 11:23-28

Павле бил способен да ги надмине овие неволји со својата сопствена сила, но бил ослободен од секоја од нив преку Божјата благодат.

2 Тимотеј 3:10-11

„Доволна е Мојата благодат“,

Благодатта е опремување да се изврши она кое Бог го бара. Оваа благодат била за прогонствата, не за болеста. Бог не испратил гласник, ниту, пак, било Негова одговорност да го оттргне. Бог на Павле му дал благодат да живее над сите напади предизвикани од демоните кои биле назначени да го спречат во службата. Кога се дејствува во благодат, во вера, тоа Му дозволува на Бог да ги произведе резултатите.

1 Петрово 5:5-9, Јаков 4:7

„Слабости“

Грчкиот збор значи „слабост“ и е дефиниран како „невозможност да се произведат резултати.“ Павле бил

задоволен во знаењето дека Бог е оној кој ги произведува резултатите, а не тој.

2 Коринтијани 12:10

Некои велат дека Павле имал болест во очите:

„Со колку големи букви ви пишав“

Речниците и коментаторите велат дека ова значи: „Колку долго и авторитетно писмо ви напишав“, а не болест на очите.

Галатјаните 6:11

„Најпрво“

Павле отишол во Галатија повеќе од еднаш.

Дела 14:6; 16:1.

Првиот пат кога отишол во Галатија, тој им проповедал со „физичка истоштеност.“ Кога тие го виделе на неговото патешествие, тој само што пристигнал од Листра каде што бил каменуван и оставен да умре.

Дела 14:19; Галатјаните 4:13

„Моето искушение“

Во грчкиот јазик вели, „твојот суд“ наместо „моето искушение“. Физичкиот изглед на Павле откако бил каменуван, бил мошне груб за Галатјаните да го гледаат. Можеме да разбереме зошто би сакале на некој начин да го загледуваат.

Галатјаните 4:14-15

„Молитвени крпи“

Парлчиња од крпи кои Павле ги употребил биле носени на болните и опседнатите за да бидат ослободени. Ако Павле имал очна зараза или каква било болест, тие ќе ги изгореле крпите, наместо да им ги даваат на болните.

Дела 19:11-12

## 46. Јов

Јов 1:8 (Буквалниот превод на Јанг) вели:- Бог виде дека сатаната му фрли око на Јов. Бог не ги иницираше маките на Јов. Бог виде дека сатаната ќе го нападне Јов.

Во Јов 1:4-5 Јов полагаше жртви постојано. Ова требаше да се направи еднаш, во вера. Тој беше во невера, наместо во вера.

Јов 3:25 вели дека она од кое се плашел, го достигнало. Стравот е убеденост дека злото ќе се исполни и така и се случило.

Тој мислел дека и доброто и злото доаѓаат од Бог (Јов 1:21). Во Јов 42:3. Тој започнал да согледува дека Бог не му го направил ова. По неговите жртви (молитви) за неговите пријатели (кои тој ги направил во верба) Бог го оттргнал Јов од неговото ропство и му го обновил просперитетот (42:10). Тој живеел уште 140 години (42:16).

Според научниците, тестот на Јов траел околу 9 до 18 месеци. Ако ти си испитуван, како Јов, радувај се! Нема да трае долго.

Стравот го чинел Јов сѐ што има. Вербата му обновила сѐ.